**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 18 декември 1998 година**

Седницата се одржа во салата на Владата на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратенички и пратеници, дами и господа, ја отворам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Ние досега немаме известување за оправдано отсуство на пратениците, освен што го оправда отсуството писмено министерот Боби Спирковски, кој е спречен бидејќи учествува на Третата министерска средба на министрите надлежни за пошти и телекомуникации од земјите на Југоистична Европа. Тоа извинување му се прифаќа, што значи и едно потсетување за другите министри да присуствуваат редовно на седниците ла Собранието.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Маке-донија господинот Киро Глигоров; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Државната изборна комисија; претседателот на Републичкиот судски совет; претседателот на Основниот суд во Охрид.

Записникот од Втората седница на Собранието Ви е доставен.

Дали има забелешки на Записникот? (Нема)

Констатирам дека записникот од Втората седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верифиакција на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Именување заменици на министри во Владата на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисии на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија;
6. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Гевгелија;
7. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Прилеп;
8. Предлог за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Охрид.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор пратеникот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, прво би сакал бидејќи ова е една од првите работни седници, со исклучок на претходната кога се расправаше по Законот за измени и дополнувања на Законот за органите на управата, да искажам одредени начелни, деловнички или процедурални забелешки, бидејќи ова е почеток на работа на овој Парламент и би требало да биде во континуитет со досегашното работење на Македонскиот Парламент во претходните години.

Господине претседателе, ќе се согласите во принцип дека почитување на процедурата е основа на демократијата, а тоа е многу битно во парламентите на државите и во парламентарниот живот.

Во досегашното работење и на оваа седница ние ги добиваме поканите за дневен ред без материјал, што значи на оваа прва седница коге се договараме околу начинот и процедурата на работењето, работиме во основа по принципот и исклучок што е во парламентите и во нашиот деловник, по итна постапка. На сите пратеници, особено Вам Ви е познато дека институтот или начинот ан разгледување на одредени акти, законски проекти по итна постапка, тоа е по исклучок за одредени прашања, во строго одредена процедура и во строго одреден временски период. Тоа се случи и по Законот за органите на урпавата, за кои

мислам дека во тој период можеби имаше основ на итност, но би сакал во оваа прилика да укажам на одредени недоречени работи, бидејќи за тој закон не знаеме дали е повлечено до процедура или е одложена расправата.

Тука би сакал особено да ви укажам вам бидејќи во таа претходна расправа како прв меѓу еднаквите кој се грижите за спроведување на Деловникот, укажувавте на одредени пратеници на нивниот начин на делување и однесување во овој Парламент и спрема Вас. Во тој закон, еден од главните односно предлагачот од предлагачите истакна дека Законот се одлага, се повлекува, бидејќи немаме мислење на Владата. Би сакал во оваа прилика да интервенирате односно да укажете дека првиот акт кој го донесе оваа Македонска Влада, тоа беше Мислењето по Законот за за органите на управата и тој ни беше поделен на самата работна маса на нашиве пратеници.

Причините, согласно Деловникот не се битни, меѓутоа тоа е право на предлагачот, тој е господар на секој законски проект да располага. Но мислам дека не е добро во стенгорафските белешии и во работењето на нашиот политички систем да имаме едно укажување - сигурно во стенографските белешки и Вие ќе ставите дека Законот е одложен и повлечен бидејќи немаме мислење од Владата. Тоа е првиот акт, би сакал тоа да се исправи, не многу деловнички, но по основ на нашето работење и нашиот ред.

Во тој дел, исто така, во основа, во принцип треба да се почитува Деловникот во делот на доставувањето на материјалите, во делот на расправата и во делот на пратениците да бидат запознати со сите акти, како би можеле да учествуваат.

Во тој дел би сакал деловнички да укажам уште на едно прашање. Тоа е прашањето во кое Вие со одредено писмо ги известивте парламентарците за начинот, постапката и воведување на некој ред во нашето јавување или учествуваше во дебатите на овој Парламент. Согласно Деловникот, можеби би било потребно да имате увид, но знаете, парламентарците учествуваат во расправа на Парламентот врз основа на добиениот материјал врз основа на воведните зборови , врз основа на известителите, министрите, врз основа на извештаите на работните тела, бидејќи Парламентот би го претвориле во еден дебатен клуб. За оние прашања за кои се изјасниле работните тела на ова Собрание, сигурно парламентарците врз основа на своите реални видувања не би требало да учествуваат и сметам дека во тој дел во основа треба, сега ја градиме таа процедура, да се почитува деловникот за работа.

Конкретно, бидејќи излегов по Предлогот на дневниот ред за оваа седница, истото се случува и со предлогот за дневен ред за оваа седница. Поканата ја имаме добиено на 11 декември. До вчерашниот ден односно денешниот ден немаме добиено ниедна точка по предложениот дневен ред. Сите материјали ги добивме на самата седница, иако за одредени точки пишува дека се доставени претходно.

Тука во тој Предлог на дневен ред, во составување на дневниот ред согласно Деловникот, јас не би сакал да објаснувам на пратениците, за рокот на закажување на седницата од 30 дена, 15 дена, скратени рокови. Вам тоа добро ви е познато и сигурно во иднина ќе го почитуваме респектирајќи го делот на првите наши средби. Но составувањето на дневниот ред, особено по неколку точки, а тоа е Именување заменици на министри во Владата на Република Македонија, предлогот го добиваме на самата седница, а треба да расправаме за луѓе носители на јавни функции, битни кои ќе остваруваат одредени извршни дејства во самата Влада. Особено битно и важно во тој дел е и Предлог одлуката за основање на Анкетна комисија. Вие ја ставате на дневен ред, а врз основа - ние денес добиваме Предлог на материјал потпишан од 20 пратеници. 20 пратеници се предлагачи. Ние го добиваме тој материјал денес од 20 предлагачи, а Вие сте го ставиле на 11 декември во Предлогот на дневниот ред. Роковите се јасни. Се прејудицираат одредени прашања врз основа на Вашите договарања. Неможе, господине претседателе, тоа така. Претседателството не е орган или особено Вие партиите, мнозинството. Вие се договарате дека на една од наредните седници ќе ја имаме таа и таа точка, тој и тој предлог на закон. Додека не се достави до пратениците тој предлог на закон, или во решението за свикување на седница треба дополнително да укаже дека тој материјал ќе го добиете дополнително и ќе ја предложиме постапката по скратени рокови, по итна постапка или во редовна процедура. Разгледување на проектите, по редовна процедура е основа на размислување, без разлика на мнозинството во секој Парламент и овие принципиелни укажувања се за идното работење.

Сигурно Вие како прв меѓу еднаквите ќе се залагате за почитување на тој дел на работење и донесување на одлуки.

Конкретно по Предлогот на дневниот ред, врз основа на овие искажувања, би сакал да му предложам на Собранието точката 2, од причините кои ги изнесов, во однос на пратениците да се запознаат, бидејќи прв пат ги читаат замениците министри, да се одложи од оваа седница, доколку биде прифатено да се запознаеме со имињата, биографиите и доколку би имале или немале забелешки во која било смисла, да бидат изјаснети.

Исто така, од причините по кои предлагачите 20 пратеници Вие сте ставиле во дневниот ред, исто така и Предлогот за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки, сигурно пратениците би требало да ја разгледаат и доколку постои можност предлагам и таа точка да се симне од дневен ред на оваа седница, како би можеле пратениците да се подготвуваат со свои видувања и свои изјаснувања, додека другите точки од дневниот ред, врз основа на моето искажување, бидејќи се во функција на остварување на својата основна функција на Парламентот на Законодавно-правната комисија, сигурно би требало да ги формираме работните тела, кои се еден контролор и многу важен и битен е елемент за остварување на нашата функција. Без работните тела ние не би можеле релевантно и најодговорно да одлучуваме и донесуваме одлуки.

Врз основа на овие укажувања го исткакнувам овој предлог да се изјасни Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Гештаковски за укажувањата од процедурален карактер и од деловнички карактер, но со оглед на фактот што Парламентот сега е во своето конституирање, некои работи моравме да ги забрзаме. Ние ќе имаме и наредната недела седница на Парламентот заради итноста на определени акти кои премиерот ги најави и верувам дека и тука нема да го спазиме деловничкиот ред за најмалку две недели претходно да ги закажуваме седниците.

Но, како и да е, имаме и еден друг предлог. Значи, имаме предлог овие две точки да се симнат од дневен ред, имаме предлог да оди овој дневен ред точките 2 и 5 да се симнат од дневен ред. Мислам дека тоа беше предлогот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Да, само уште едно прашање. Во Вашето укажување да не бидем порешно сватени парламењнтарната група и јас. Парламентарната група на СДСМ не се противи на се она што е пропишано во Деловникот. Владата и на оваа седница врз основ на итност, вие што укажавте дека ќе имаме, не е проблематично ништо. Но итноста е кажав е по исклучок и претходно Парламентот расправа дали е итно тоа прашање, дали е прашање од надлежност согласно Деловникот, ние сме строго во делот на почитување на процедурата. Не сме против дали ќе има материјали, тоа Владата ќе цени, ќе ценат околностите за кои прашања, тие се стриктно наредени во Деловникот. Ние не сакаме да го кочиме работењето во Владата, доколку се загрозени одредени елементи, регулирани врз основа на институтот донесување по итност. Во тој дел да не бидеме погрешно разбрани, доколку има одредени акти кои треба да одат по итна постапка, ќе се расправаат по итна постапка согласно Деловникот. Тоа е многу битна разлика меѓу Предлог за донесување на закон, се гласа за итноста Парламентот заклучува да расправа по Предлог на закон. Во тој дел да не бидеме погрешно разбрани, доколку Владата смета, доколку е согласно Деловникот, Пратеничката група на СДСМ согласно Деловникот и процедурата ќе го поддржиме се она што е предвидено согласно Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по предложениот дневен ред? (Никој).

Тогаш согласно Деловникот најнапред морам да го ставам на дневен ред, предлогот на пратеникот Гештаковски да се одложат точката 2 и точката 5 од дневниот ред.

Молам, кој е за одлагање на овие две точки?

32 пратеници гласаа за.

Кој е против одлагањето на овие точки?

61 пратеник е против одлагањето на овие две точки.

Според тоа, го ставам сега дневниот ред, вториот предлог, Предлогот на Претседателството - го ставам дневниот ред во целина како што е во Предлогот, на гласање.

Кој е да се усвои дневниот ред како што е предложен, молам да крене рака?

62 пратеници се да се усвои дневниот ред така како што е предложено.

Дали има некој против?

5 пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање?

21 пратеник се воздржува од гласање.

Според тоа, констатирам дека дневниот ред е усвоен и ќе работиме по дневниот ред.

Ве молам, ако е можно поради тоа што се потребно да се направи пауза за да работи Комисијата за избори и именувања, точката 4, тоа е Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија да ја поместиме на точка 8, да биде последна точка, после за да направиме пауза и да се гласа.

Дали се согласувате со една таква измена во дневниот ред?

(Се согласуваaат).

Според тоа, одиме по предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка - Верифиакција на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Верификационата комисија Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија, пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, на минатата седница, господинот Васил Тупурковски од Демократската алтернатива, еден од избраните на кои му беше верификуван мандатот на Првата седница, поднесе оставка односно бараше на негово место за времето на останатиот рок за избран мандат да дојде друг кандидат, а тој да биде ослободен од оваа обврска.

Изборната комисија, односно Државната изборна комисија во својот извештај изработен на ден 17 декември го извести Собранието и Верификационата комисија дека се исполнети сите услови да се постапи согласно член 98, точка 1, алинеја 1 од Законот за избор на пратеници и Привремениот деловник, да се предложи односно мандатот да го продолжи господинот Илија Прангоски од Демократска алтернатива, петиот по ред пратеник односно кандидат на листата.

Од господин Илија Прангоски до оваа Комисија да имаме согласност дека ќе ја прифати кандидатурата и ќе продолжи, ако му се довери мандатот да ја извршува оваа функција.

Исполнети се сите услови, предлагам на господинот Илија Прангоски да му се даде мандат за пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Верификационата комисија.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучува претресот и Извештајот на Верификационата комисија го ставам на гласање.

Кој е за Извештајот и Предлогот, молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени едногласно и со тоа е извршена Верификација на мандатот на пратеникот Илија Пранговски, на кого му упатувам честитки за неговиот пратенички мандат.

Минуваме на втората точка од дневниот ред, именување заменици на министрите во Владата на Република Македонија.

Предлогот на кандидатите за заменици министри ви е поделен.

Со оглед на тоа што според член 142 став 4 од Законот за Органите на управата, заменициte ги заменуваат министрите во случај на отсутност или спреченост со сите нивни овластувања и одговорности во раководењето, именувањето на замениците министри по Предлогот на претседателот на Владата, Собранието ќе го изврши со сходна примена на одредбите на Уставот што се однесуваат за избор на Владата на РМ односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето ќе се изврши по предлогот во целина со јавно гласање.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас би сакал накусо да се осврнам на овој предлог.

Веднаш на почетокот би сакал да кажам дека очекувам од предлагачот да ја

образложи , на некој начин, оваа предлог листа на заменици на министрите на Владата на РМ , бидејќи е таков редот. Тоа отсуствува. Прво тоа треба да се констатира.

Втората работа која во претходната фаза ја истакна мојот колега Гештаковски дека овој Предлог за именување заменици министри во Владата на РМ го добивме пред почетокот на седницата и од тие причини нашата пратеничка група нема да учествува.

Третиот момент на кој сакам да укажам, а тоа е дека не е воедначен предлогот во сверата на податоците кои се истакнати односно насочени за пооделни кандидати за заменици министри. Имено, во добар дел на претставниците од ДПА отсуствуваат податоци каде работат моментално. Мислам дека тоа е еден податок дека целокупната македонска јавност, па вклучително и пратениците кои одлучуваат во врска со именувашето на замениците министри треба да ги знаат и тие податоци.

Вториот момент кој сакам исто така да го подвлечам забележлива е тенденцијата во предлозите да се истакнуваат партиските функции на замениците министри. Може да се протолкува дека заменик министер во основа е политичка функција, меѓутоа, во досегашната пракса одсуствуваше набележувањето на партиските функции.

Само како една напомена која може да се претвори во сила тенденција која будно ќе ја следиме дали во нашето општество се создава партиска држава. Од тие причини ние нема да учествуваме во расправата а ќе бидеме против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на координаторот Поповски за укажаните сугестии.

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, благодарам на претходниот говорник за констатацијата дека по негово сваќање треба да се направи партиска држава Веројатно му излезе нешто од сеќавање дека се работи за политичка Влада, па дали не прави разлика помеѓу политичка Влада и политичка држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 71)

Кој е против предлогот? (25)

Кој се воздржува од предлгот? (7)

Врз основа на резултатите од гласањето кои беа за предлогот 71 пратеник, против 25 пратеника, воздржани 7 пратеници, констатирам дека Рефат Елмези е именувам за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана.

Драган Гроздановски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

М-р Бајрам Положани е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Борис Трајковски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи.

Јордан Марковски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии.

Ламбе Арнаудов е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за стопанство.

М-р Лилјана Поповска е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за развој.

Силвија Томовска е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

М-р Реџеп Асани е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за сообраќај и врски.

Јован Дамчевски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за шумарство и водостопанство.

Ристо Георгиев е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Д-р Фејзула Шабани е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и физичка култура.

Проф. д-р Томислав Џеков е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за наужа.

Благоја Чоревски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

М-р Мухарем Неџипи е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

Дозволе те ми во мое и ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

(именувањето беше проследено со бурен аплауз).

Истовремено, дозволетеми да им се заблагодарам на досегашните заменици на министрите за нивната досегашна работа и да им посакам успех во понатамошната активност.

Со ова ја исцрпивме и втората точка од дневниот ред.

Минуваме на третата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави писмено, а може и усмено, инаку почитувани пратеници со оглед на фактот дека ми беше забележано од средствата за јавно информирање , а и од поединци дека погрешно ги изговарам имињата на пратениците на кои јас однапред им се извинувам и за да воспоставиме еден ред во пријавувањето предност секогаш ќе имаат оние пратеници кои однапред ќе се пријават. Тоа не значи дека и од место, ако се пријават, нема да дискутираат, но би било добро пријавите за дискусија што ги имате пред вас да ги пополнувате за да можам и јас да направам ред овде, а и да го прочитам името на пратеникот така како што гласи.

Според тоа за прв за збор по оваа одлука се јави пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Му давам збор на пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Во одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ член 2 точка 8 имам забелешка на терминот "меѓунационални односи".

Терминот "Меѓунационални односи" мислам дека не одговара на реалната состојба во РМ , па е потребно да се предложи соодветен термин кој одговара на реалноста во РМ.

Колку мене ми е јасно ние сме еднонационална република.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги. Прво би сакал посебно по оваа точка да укажам на една тенденција која може да стане прилично непријатна во нашиот Парламент, претседателот да закажува точки на дневен ред, како што е оваа, без да знаеме дали некој има доставено предлот за таква точка.

Согласно Уставот, согласно Деловникот, точка на дневен ред се става ако некој достави писмен предлог за точката. Со оглед на тоа што седницата е закажана на 11 декември, а материјалот од предлагачите е доставен до Собранието вчера попладне, по ова што е набележано овде, а ние утринава го добивме , сметам дека покрај тоа на што г-динот Гештаковски укажа и со што јас сосема се согласувам дека ова е неделовнички начин закажување на седници и ставање точки на дневен ред,  мислам дека може да се случи една непријатна работа претседателот на Собранието да става точки за  кои никој не поднел предлог, па потоа да мора пратениците од позицијата да доставуваат предлози. Мислам дека е сериозна по литичка тенденција која не би сакал да се повторува  а на страна од тоа мислам дека е многу сериозен деловничкн пропуст на раководењето со седниците на Собранието.

Исто така би сакал да го известам претседателот на Собранието дека јас како пратеник добивајќи ја одлуката пред десет минути имам намера да поднесам амандмани на одлуката затоа што тоа е единствениот начин да расправаме по одлуката ако сакаме да ја промениме. За да бидам рамноправен и со претседателот и со оние три пратеници кои вчера ја поднеле одлуката, а ја добивме денеска, би сакал претседателот да ми даде одговор кога да поднесам амандман и активно да учествувам во расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Што се однесува до законитоста на поднесувањето на предлогот имате тројца пратеници: Томислав Стојановски, Радомир Карангелески и Илјаз Халили го имаат поднесено предлогот.

Што се однесува до прашањето за амандманите до крајот на расправата по оваа точка вие имате право да поднесете амандман и тој амандман да го разгледуваме на самата седница.

Впрочем, вие го имате добиено вчера и денеска ако сте размислувале за амандман сте можеле да доставите амандман затоа што на самата седница го

немате добиено материјалот и можете да расрпавате.

Што се однесува до другата точка од дневниот ред, 47 пратеници се имаат потпишано за таа одлука што значи скоро половина од парламентот стои зад една одлука така што не е тоа собрано набрзина и преку ноќ, туку навистина имате еден процес на масовна поддршка на еден, предлог одлука.

Но, добро, за тоа ќе разговараме кога ќе дојде таа точка на дневен ред, инаку, во поглед на амандманот повелете г-дине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе не сакам погрешно да сватите, најмалку што сакаме да се конфронтираме од говорницата на Собранието, напротив, сакам да придонесам да може Парламентот конструктивно да расправа по предлозите. Јас само укажав на фактот дека вие точката на дневен ред сте ја ставила на 11 декември, а дека точката е доставена од пратениците предлагачи до нас пратениците преку вас согласно Деловникот на 17 декември, што значи дека шест дена пред да се појави точката во процедура во Собранието ние ја имаме на дневен ред. Тоа значи дека без да имате предлог, вие сте ја ставиле точката на дневен ред што е еден сериозен преседан затоа што вие на еден начин можете да најавувате точки за кои никој не поднесува предлог без разлика дали се работи за Влада, Парламент или друг овластен предлагач. Сакам да укажам дека од сега натаму ако ставите точка на дневен ред би било добро некој да ја предложи пред тоа точката и вие како пратеник како што се изјаснивте еден меѓу еднаквите односно прв меѓу еднаквите имате право да поднесете предлог, меѓутоа, ако го ставите тој предлог на дневен ред едновремено сте должни вие да поднесете и предлог на дневниот ред, материјален, вие тоа не го сторивте. Материјалот тоа што е доставен вчера мене не ме интересира затоа што јас како пратеник го добив сега во 11,00 часот сигурно не очекувате секој ден во 15,00 часот да проверувам во архивата на Парламентот дали некој има поднесено предлог за јас да се информирам . Вие сте должен да обезбедите јас како пратеник предлогот да го добијам пред седницата. Со оглед дека предлогот го добив сега, а имам потреба од амандман , мегутоа, верувајте имам потреба и да учествувам , не само потреба, јас имам уставно право да учествувам во работата на Парламентот, ве молам да ми обезбедите простор да учествувам во работата на Парламентот, а и да поднесам амандман. Значи, не можете вие да ме советувате да напуштам седница, да пишувам амандман и да го доставам, а во меѓувреме евентуално ако нема дискусија да усвои одлуката. Дајте ми деловнички и уставен простор по одлуката која сте ја поднеле во неделовнички амбиент барем да се изјаснам со амандман, инаку ќе се доведам во ситуација како нашиот ценет претходен колега кој вели дека треба нешто да се промени, меѓутоа, неможеме да промениме ако немаме амандман. Што значи ставете ме во рамноправна ситуација ако имаме писмени предлози да можеме писмено да се изјасниме, а како ке се изјасниме писмено ако седиме и гласаме овде. Едноставно дајте ни можност како пратеници кои во неделовнички процедури ги добиваат материјалите да можат деловнички да учествуваат во нивната расправа со свои предлоии. Ја не гледам како можам да влијаам на одлуката сега, евентуално ќе ме доведете во позиција само да гласам против. Дајте ни можност било кој пратнеик, не само ние од опозицијата можеби, како што и се случи, членовите на владината коалиција, на пратениците од владината коалиција имаат амандмани очигледно на одлуката, како и ние. Меѓутоа кога да ги доставиме, дајте ни простор.

Затоа најљубезно ве молам да ни овозможите да расправаме по амадманите кои имаме намера да ги поднесеме, а како ќе ги поднесеме ако седиме овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да, технички искажано имаше место да се прифати.

Дозволете ми, знам што зборувам господине. Јас сум еден од подноси-телите. Можеби за несреќа г-динот што се јави деловнички овој материјал беше даден и на Претседателството каде беа присутни и координаторите. Зошто кажувам технички? Ние тоа го расправавме, има записник, има се за оваа одлука, а ако г-дата оставиле нешто што техничкиот дел го замениле со 11-ти намести 17 ти декември на тој проблем навистина му треба промена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Поповски бара реплика. Прво тоа да го исцрпиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас се извинувам ризикувам ова да се претвори во банална и непотребна дискусија. Меѓутоа, мислам дека почнува тенденција на сериозно политичко надвладување на деловничките одредби.

Јас знам дека овој предлог, според начинот на кој сега се презентира дека деловнички, технички нема проблем дека сум можел јас да бркам по Собранието дали има некој предлог да прашувам од пратеник до пратеник дали е гледано или не, што очигледно и не е меѓутоа, ако на ваков начин продолжиме да ги водиме расправите по писмени документи без можност да ги добиеме и по нив да даваме амандамни и мислења, тогаш евентуално ви сугерирам да размислиме за смислата на водењето на седниците на ваков начин.

Јас од вас не барам вие да ни давате на нас пратениците меѓу себе да размислуваме дали имаме или немаме право, јас согласно Деловнииот, барам од вас како претседдтел на Собранието да го водите процесот на донесување на одлуки на Собранието согласно тој Деловник за што вие сте должен и ве молам да ме заштитите како пратеник од можноста да ми се сервираат одлуки за кои немам право да поднесам амандман.

Вие имате уставна и деловничка должност, без разлика дали сум јас пратеник кој поддржува или не поддржува Влада. Да ми овозможите деловнички да можам да работам во ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас имам само едно укажување дека овој материјал беше разгледуван на состнаокот кој што јас го водам со координаторите на пратеничките групи. И мислев дека координаторите на пратеничките групи претходно се состануваат, заземаат ставови, дискутираат. Инаку, искрено да ви кажам сега излегува дека воопшто не е потребно да ги викам координаторите на пратеничките групи, бидејќи тие како што гледам не извршиле одредени консултации внатре и не ги запознале со материјалите. Како и да е, јас мислам дека имаше доволно време пратеникот Поповски да го погледне материјалот и да достави. А материјалот е со исклучок на една комисија препишан од оној материјал по кој што претходниот состав во кој што беше и Поповски присуствуваше.

Комплетно содржината е превземена од тие комисии кои што беа и претходно. Ако тогаш немал амандмани, јас не знам како сега дополнително ќе има амандмани. Но, како и да е ќе има можност да поднесе амандман и во текот на расправата по оваа точка да го разгледаме тој амандман.

Пратеникот Никола Поповски има реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, ова е моја последна реплика и јасно ми е дека почнуваме да се однесуваме како мачка и глушец. Меѓутоа, да знаете дека на секој ваков обид сериозно да се манипулира не само со пратениците од опозицијата, во овој случај добивме јасен сигнал дека и од позицијата е истиот случај. Ние ќе реагираме, без разлика дали ќе бидеме надгласани. Само сакам да укажам на следново. Вие мене ми кажавте дека за седница на која не поканивте во 11 часот и на која ни го ставивте на маса материјалот во 11 часот, јас сум имал време да го разгледам и да реагирам. Ако по нашите сваќања за демократија и Деловник сме имале време, тогаш јас очигледно вие ја водите седницата, на тоа не можам да реагирам, времето од 11 до 11 ми било доволно за да поднесам амандман.

Второ, ако мене ми укажувате дека оваа одлука е истата од претходната кога јас не сум имал амандман. Тогаш, ве молам зошто ја ставате на дневен ред ако е истата одлука која била и досега. Со оглед дека предлагате нова одлука очигледно е дека има измени во таа одлука.И немојте да не доведувате пратениците во опозиција да ни кажувате дека ние не ги сваќаме во суштина работите што се случува, па ќе ни појасните. Никола имал можност минатиот мандат да реагира на одлуката, не реагирал, сега реагира.

Прво, јас сум пратеник во овој мандат. Пред мене стои одлука. Тој што ја поднел и вие што сте ја прифатиле, имал зошто ја поднел. Очигледно е променета. На пример, тука има неколку нови комисии. Ако се тие нови, како мислите? Точно во тој дел имам амандман. Како мислите дека можам на тие комисии да сум дал тогаш амандман. Немојте ве молам да не доведувате во позиција пратениците од опозицијата да се чувствуваме проскрибирани само заради фактот што сме во опозицијата. И наместо да ја прифатите подадената рака, да дадете пауза од 3О минути, да ја видиме одлуката, да поднесеме амднамн, вие очигледно сакате да ни кажете дека од 11 до 11, значи нулта временска позиција, сме имале време, дека истата одлука била, а ја ставаме на разгледување. Ако е истата, нека ја повлече предлагачот, немаме потреба за неа. Ве молам, сакаме да придонесуваме во работењето на Парламентот, сакаме и одлуките за кои имаме намера да гласаме како оваа да пробаме да ги подобриме, ако не се прифати, тоа е политичка одлука, нека не се прифати, меѓутоа немојте да не доведувате во позиција да не можеме да предложиме. На крајот на краиштата тоа и не е само волја на предлагачот и на претседателот на Собранието, тоа е законска и уставна можност на пратеникот да може да се изјаснува и да поднесува предлози нови, или на веќе поднесените амандмански и тоа уставно право не можете вие туку така да го скратите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ја прифаќам сугестијата на пратеникот Поповски и ќе дадам пауза. Бидејќи во 13 часот ќе треба да почнеме со свечената седница. Со оваа седница ќе продолжиме по излагањето на претседателот на Републиката.

Според тоа, предлагам да направиме пауза и сите амандмани и забелешки нека се достават до Претседателството.

(Седницата прекина во 12 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,05 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, да продолжиме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлог одлуката.

Предлагачите на одлуката, пратениците Томислав Стојановски и другите, поднесоа амандмна на член 2, точка 13, став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлог одлуката.

Амандмани поднесоа:

Пратеникот Мевљан Тахири поднесе амандмна на член 1, став 3, по кој гредлагачот не се произнел.

Пратениците Никола Г.Поповски, Илија Филиповски и Борислав Трпоски поднесоа амандмаа на член 2, точка 10, став 12 за додавање нова алинеја 11-а и на алинеја 14, по кои предлагачите не се про-изнеле.

Пратеникот Лазар Китановски поднесе амандмани на член 2 за менување на точка 9 и на член 2 за додавање на нова точка 9-а, по точката 9, по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 3, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам, еден од предлагачите на одлуката да се произнесе.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од името на предлагачите, овој амандман се прифаќа и ќе биде составен дел на одлуката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2 за менување на точка 9, поднесен од пратеникот Лазар Китановски.

Молам, еден од предлагачите на одлуката да се произнесе во врска со предлогот на пратеникот Лазар Китановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман како додаток и ревизија нема којзнае каква содржинска разлика, меѓутоа, го прифаќаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа не е амандманот на пратеникот Лазар Китановски, Вие имате од другите предлагачи. Амандманот поднесен од пратеникот Лазар Китановски е во врска со точката 9-а, која ја поднесува како нова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Простете. Овде се работи да се раздвојат двете, од една да бидат во две комисии. Јас се извинувам, сум направил превид, затоа што нема содржинска разлика, контрола и ревизија. Го задржувам правото за извинување, овој амандман не сакаме да го прифатиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, ќе Ве потсетам дека во почетокот од создавањето на овој систем се одеше на тоа да се прецизираат функциите на органите во државата, особено таму каде што има преголема концентрација на функции, а особено оние во кои се вршат значајни дејности, а тоа се обично службите за безбедност. Во смисла на прецизирање на ингеренциите, знаете дека со посебен Закон се издвои Агенцијата за разузнавање од Службата за безбедност, тогашна, и контраразузнавање, со посебен Закон, така што да речеме тоа е правниот основ за овој предлог кој го давам.

Исто така, да потсетам дека се разликуваат по многу во нивните надлежности. Всушност, се оддалечуваат во голема мерка. Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање се занимава со дејствија против Република Македонија, додека Агенцијата се занимава со активности кои се потребни на нашата држава во врска со информации и се она што е утврдено со Законот, во корист на државните органи, пред се претседателот на Републиката. Така што нивните надлежности се разликуваат во голема мерка и тие се многу различни институции на нашиот систем на извршна власт.

Затоа, сметам дека ќе биде многу подобро и по корисно тие служби да се контролираат од две одвоени групи затоа што и нивните функции се сосема различни. Едната делува во рамките на територијата на Република Македонија, другата делува надвор од територијата на РМ. Овој предлог го давам се со цел да имаме навистина поефикасна и подемократска контрола во овие чувствителни служби. Со тоа мислам дека ќе се псотигне и поголема демократичност на функционирањето на овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Му благодарам на пратеникот Китановски.

Дали некој друг бара збор, во врска со овој амандман?(Не).

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот на член 2 точка 9, поднесен од пратеникот Лазар Китановски и амандмнаот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(32 пратеници гласаа за).

Врз основа на тоа констатирам дека амандманот не е прифатен,

Исто така, од пратеникот Лазар Китановски е поднесен уште еден амандман. Тоа е амандманот на член 2 за додавање нова точка 9-а, по точката 9.

Молам еден од предлагачите да се произнесе дали се прифаќа и овој амандман поднесен од пратеникот Лазар Китановски.

Молам, пратеникот Стојановски да каже дали се прифаќа амандманот на пратеникот Лазар Китановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Овој амандман не го прифаќаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот и амандмнаот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака?

30 пратеници гласаа за.

Констатирам дека и овој амандман не е прифатен.

Имаме уште еден амандман.

Отворма претрес по амандманот на член 2, точка 10, став 2 за додавање нова алинеја 11-а и на алинеја 14, поднесени од пратеницитс Никола Поповски, Илија Филиповски и Борисав Трповски

Молам еден од предлагачите на одлуката да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман не го прифаќаме, од причина што е дадена надлежност на друга комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, амандманот се однесува на надлежностите на Комисијата за финансирање и буџет. Тој се состои од два дела.

Прво, Комисијата разгледува прашања кои се однесуваат - ние додаваме и "кредитните односи со странство". Јас би ги замолил предлагачите уште еднаш да го преиспитаат своето отфрлање на амандманот и да размислат за прифаќање на амандманот.

Со оглед на тоа дека Комисијата е за финансии и буџет, кредитните односи со странство најчесто на позитивната страна во РМ обезбедуваат финансирање на државните потреби на Република Македонија, а на пасивната страна обезбедуваат државни гаранции кои ги дава Буџетот на РМ за обезбедените кредити во странство. Што значи ако овие кредитни односи со странство на позитивна страна обезбедуваат финансирање, а на пасивната страна на Буџетот со Закон најчесто

Отворам претрес по амандманот на член 2, точка 10, став 2 за додавање нова алинеја 11-а и на алинеја 14, поднесени од пратениците Никола Поповски, Илија Филиповски и Борисав Трповски

Молам еден од предлагачите на одлуката да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман не го прифаќаме, од причина што е дадена надлежност на друга комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, амандманот се однесува на надлежностите на Комисијата за финансирање и буџет. Тој се состои од два дела.

Прво, Комисијата разгледува прашаша кои се однесуваат - ние додаваме и "кредитните односи со странство" . Јас би ги замолил предлагачите уште еднаш да го преиспитаат своето отфрлање на амандманот и да размислат за прифаќање на амандманот.

Со оглед на тоа дека Комисијата е за финансии и буџет, кредитните односи со странство најчесто на позитивната страна во РМ обезбедуваат финансирање на државните потреби на Република Македонија, а на пасивната страна обезбедуваат државни гаранции кои ги дава Буџетот на РМ за обезбедените кредити во странство. Што значи ако овие кредитни односи со странство на позитивна страна обезбедуваат финансирање, а на пасивната страна на Буџетот со Закон најчесто

утврдуваме дека обезбедуваат гаранции на кредитите што ги добиваме од надвор, ги молам предлагачите да размислат и прифатат дека во надлежноста на комисијата која е надлежна за финансиите и Буџетот да влезат и овие области од работење на Парламентот во Република Македонија.

Што се однесува до вториот став каде што кажува дека Комисијата разгледува прашања што се однесуваат на службите за финансиската контрола, упатувам на фактот дека во 1998 година Собранието на РМ донесе Закон за државна ревизија, со што се формира посебно правно лице во РМ кое се вика Служба за државна ревизија. По тој Закон Извештајот и контролите на Службата за државна ревизија ги остварува Собранието на Република Македонија. Пофторно, и за овој дел од амандманот, апелирам, со оглед дека ако не ја прифати, очигледно и парламентарното мнозинство нема да ја прифати ваквата надлежност на комисијата, законот не упатува дека таа служба, наречена Служба за државна ревизија во односите кон парламентот треба да има исто така матична комисија која ќе ги разгледува прашањата и затоа молам, зборот "ревизија" исто така лесно да не се отфрла. Уште еднаш би го замолил предлагачот да размисли за лесно искажаниот став дека се отфрла.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Дали предлагачот сака уште еднаш да се произнесе? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставм на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

35 пратеници гласаа за.

Според тоа, и овој амандман констатирам дека не е усвоен.

Со оглед дека други амандмани немаме, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали уште некој бара збор во врска со текстот на Предлогот на одлуката? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на

гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За Предлогот на одлуката гласаа 74 пратеници.

Дали има некој против?

Против нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

22 пратеници се воздржаа од гласање.

Според тоа, констатирам дека Собранието со 74 гласови за и 22 воздржани ја донесе Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Со тоа ја исцрпивме Третата точка од дневниот ред.

Преминуваме на Четвртата точка - Предлог одлука за основање Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во министерствата, Владата на Република Македонија и Собраниеот на Република Македонија.

Рековме дека тоа ќе биде Четврта точка, а Осма точка ќе биде, после тоа, комисиите ќе треба да ни ги предложат во врска со тоа.

Предлогот на одлуката го поднесоа 37 пратеници со свои потписи.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеничката Наталија Димова.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дискусијата по оваа точка е во својство на предлагач, поточно на еден од предлагачите, а суштината е кратко образложение за причините и основаноста од основањето на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во министерствата, Собранието на РМ и Владата на Република Македонија.

Парламентот во претходниот состав не ја заврши во континуитет работата по низа прашања и тоа од особено значење, од кои прашања едно и е преиспитувашето на јавните набавки. Имено се водеше постапка, се формираше Анкетна комисија, која дојде до одреден степен на сознанија, но со оглед на блокирањето од страна на пратениците од тогашната позиција, изготвениот Извештај на оваа Комисија не беше поставен на дневен ред на Собранието на РМ , а со тоа не беше доволно информирана јавноста за работењето на оваа Комисија.

При остварените непосредни контакти во текот на кампањата граѓаните, покрај другите барања, како приоритет го поставија и барањето за преиспитување на јавните набавки. Расветлувањето на овие афери, во ова расветлување се инкорпорира се разбира и прашањето за преиспитување на јавните набавки за обелоденување на овие афери. Тоа ни даде еден императивен налог ова барање да не го носи времето, туку што поскоро да биде поставено на говорницата на овој парламент.

Формирањето на Анкетната комисија и изготвенито Извештај од работата на истата, поставен на дневен ред на овој парламент, ќе придонесе ова прашање повеќе да не лебди во дискусиите, зошто можеби многу импутирани носители на јавни функции недолично е да се инволвираат во овие афери ако за тоа нема докази.

Оваа анкетна група ќе ги следи набавките во континуитет не само во периодот од 1992 до 1998 година, туку и понатаму, се до донесување на одредена законска регулатива од типот на Законот за спречување на корупција кој ќе треба да востанови контрола на самите државни органи во спроведување на Законот. Значи, продолжува континуитетот на оваа комисија и понатаму после определениот период со оваа Предлог одлука.

Само со активирање на инструментите на правната држава, што подразбираат одговорност на сите носители на власта пред граѓаните, може да се надмине оваа актуелна состојба на неефикасно остварување на државните функции и државно-правната аномија. Аналогно на ова не треба да поминеме преку определени незаконски постапки. Извештајот на Анкетната комисија, заснован единствено врз документирани доказаи, ќе покаже објективно дали постои вина или не и тие резултати би биле релевантен факт за преземање активности од надлежните органи.

Во тој контекст, сакам да предочам дека станув азбор за контролен инструмент на државната каса, кој воопшто не треба да се свати како реваншизам и да се поистовети со некој сличен термин, заради тоа што таквиот термин е неадекватен за предложени мерки или решенија. Во закрилата на било кој термин со вакво или слично значење нема место за сите оние кои сториле кривично дело, злоупотребувајќи ја својата позиција, зашто објективниот интерес на граѓаните, искажан во барањата за одговорноста на власта и ефикасноста на власта е насочен токму во делот на ограничување и

контрола во вршење на јавните набавки и трошење на средствата на државниот Буџет.

Собранието на Република Македонија е највисок претставнички дом на граѓаните, а со тоа и нам ни се наметнува обврската да ги уважиме и почитуваме иницијативите и интересите на граѓаните, па со основањето на оваа Анкетна комисија и Извештајот изготвен од истата, на граѓаните ќе им презентираме релевантни податоци за распределба на средствата од Буџетот, поточно за распределба односно трошеше на државните пари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на пратеничката за воведното излагање.

За дискусија се пријави г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, најпрвин да го изнесам ставот на Пратеничката група на ПДП во однос на овие пријави за дискусии.

Имено, му предлагаме на претседателот на Собранието да се откаже од вакви работи, од причина што сметаме дека со ова се задужува една нормална политичка комуникација во Собранието. Едноставно секој пратеник ќе процени кога ќе дискутира, после кого ќе дискутира и воопшто дали ќе дискутира. Затоа, во име на почитување на Деловникот барам навистина овие хартии повеќе да не се користат.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**: (продолжение)

Сега за точката на дневниот ред. Уште на почетокот да ви кажеме дека ќе го поддржиме предлогот и ќе гласаме за предлогот без оглед на тоа што смтаме дека на некого тоа му е потребно како аргумент дека сепак наводно нешто се работи. Многу е важно за некого да се убедуваат граѓаните дека нешто се прави во правец на остварувањето на нивните интереси или пак да помислат дека се прави нешто, но без оглед на целта што тука е поставено без оглед на побудите и резоните на предлагачот. Некои ова го нарекуваат како реваншизам, другите го нарекуваат како лов на вештици, или третите го нарекуваат како покритие за ветувањата кои беа дадени во предизборната кампања, некои тоа го именуваат како сатанизирање на опозицијата итн. Меѓутоа, без оглед на тоа ние овој пат како и секогаш понатаму ќе докажеме дека сме конструктивна опозиција и ќе гласаме и ќе го поддржиме предлогот, иако има релевнатни чинители тоа да не го сториме. Значи, според предлогот се бара да се формира анкетна комисија за јавните набавки било како континуитет на бившата злогласна комисија, или пак како проширување на дејностите на таа Комисија и во другите области и тука сметаме од морална гледна точка нема никакви пречки да се формира и да функционира таква комисија. Исто така, и од политичка гледна точка сметаме дека воопшто нема пречки да се формира и работи таква позиција. Меѓутоа од правен аспект не сме сигурни дека тоа е така.Имено, Уставот во членот 67 децидно предвидува дека наодите од Анкетната комисија се основа, односно претставуваат основа за покренување на политичка одговорност на носителите на јавни функции. И од тука се поставува едно мошне логично прашање каде ги имаме тие функционери, каде се тие функционери кои треба политички да одговараат, односно каде се тие функционер кои треба да ги разрешиме. И второ дали тие функционери кои веке не се функционери, или екс функционери претставуваат некоја пречка правосудните органи да ја обавуваат својата функција во рамките на позитивните прописи, односно законските прописи. Логиката наведува на тоа дека формирање на вакви комисии кои претставуваат своевидна контрола над извршната власт е не само да се врши таква контрола врз извршната власт, туку и да се евентуално ако постојат индикации, или чинители за тоа дека се работи за тешки злоупотреби на власта, или прекршување на законот дотичниот функционер да се разреши така што тој веќе да нема никаква можност да влијае врз другите органи, првенствено правосудните органи за преземање на соодветни дејства согласно Законот. Но, јас кажав дека ние тоа ќе го поддржиме од принципиелни причини, бидејќи ние секогаш како парламентарна група поаѓаме од позиции на праведност, одговорност, јавност во работењето итн.

Второ, што не наведува на тба да го подржиме предлогот во однос на Анкетната комисија е тоа што ние сме секогаш убедени дека оваа институција е во почетна функционална фаза и многу е важно и овој инструмент на контролата врз извршната власт да профункционира. Иако нелогично изгледа да се формира Анкетна комисија која ќе врши контрола, значи законодавна структура која треба да врши контрола над екс, или бившата извршна власт, туку е логично да се врши контрола врз сегашната извршна власт. Тоа е и

духот на Уставот што стои во членот 67. Друга е сосема причината ако на пример некоја анкетна комисија ја завршила својата работа и донела некои заклучоци кои беа прифатени од страна на Собранието, меѓутоа тие заклучоци сеуште не се остварени, се пренесуваат во новата извршна власт. Таков случај ние имавме со Комисијата за гостиварските настани. Имено Анкетната комисија констатира дека имаше пречекорување на овалстувањата и потоа беа освен други точки од предлог мерки беа предвидени и две важни точки според мене. Имено, надлежните органи треба да ги преземаат сите дејства во однос на расветлувањето на случаите и одговорностана прекршителите и пречекорувачите на овластувањата. И второ во рамките на МВР да се опфатат повеќе кадри од структурата на националноста.

На една од идните седници службено исто така ќе побарам до каде сме со тие заклучоци. Иако минатата власт има одговорност пп во предвидениот рок иако на два наврати интервенирав, не излезе со извештај што е направено од тој аспект.

Значи ние сме сеуште во почетна фаза на едно соодветно функционирање на оваа важна институција и контролата е многу неопходна врз извршната власт, посебно за сегашната структура од причина што само сегашната структура има можност и може да влијае врз правосудните органи, а не и минатата структура, иако јавно кажуваме дека ништо немаме против анкетната комисија да функционира ако сакате и од 1948 година па наваму.

Од стартот на функционирањето на новата Влада искрено јас можам да кажам дека ги жалам граѓаните што толку имаа доверба на некои ветени промени, а веќе месец дена ние не сме мрднати ни од формално правно гледна точка, ниту од мртвата точка во правец на интересите на граѓаните. И секој паметен тука би предложил уште една анкетна комисија, таа Комисија веројатно ќе се викаше Комисија за утврдување на тоа кој најмногу ги излажа гласачите во предизборната кампања. Значи од промените единствено можам да кажам дека имаме само негативни рефлекси, имаме кадровски промени и тоа од врвни стручњаци доведуваме луѓе кои немаат никакво работно искуство, промени исто така се најавуваат во важни свери на државата и општеството како што е например. Советот за радиодифузија, иако во Законот стои дека тие се неотповикливи, меѓутоа тоа се чита, промени и во некои важни институции на здравството, дури и во Клиниката за стоматологија која според мене е една од ретките институции која европски функционира. Но, тоа имате право, тоа си е друго прашање.

Јас мислам дека ктрајно време е навистина да не одиме кон минатото ако искрено сакаме и како позиција и како опозиција да ги согледуваме и да ги исполнуваме интересите на граѓаните, односно тоа што сме ветиле и како позиција и како опозиција и сметаме дека тоа ни е обврска и мора да бидеме свесни дека ние , односно граганите нас не избраа тука не заради нас, туку едноставно ние сме избрани овде заради граганите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Јас за разлика од мојот претходен колега нема да го поддржам предлогот и тоа од принципиелни причини. Имено, јас би го поддржал предлогот кога би содржел и елемнети на некои настани кои што останаа нерасчистени, нерасветлени во РМ. Како што се битпазарските настани кои што не успеаа да добијат епилог во Комисијата токму поради опструкција од страна на партијата која што е сега на власт на ВМРО. Па јас јавно ги повикувам доколку навистина имате намера да расчистувате состојби од минатото, да формираме една комисија и да ја расчистиме и оваа работа.

Понатаму убиството на Абдул Сељам Емини при конституирањето на Унвиерзитетот во Тетово исто така остана без епилог и се разбира дел од тоа го кажа и мојот претходен колега Мерсељ Биљали по однос на Гостиваркисте настани кои што иако Комисијата ја заврши работата останаа без епилог. Знам дека некој овде може да излезе и да каже тука дека: еве ви ги партнерите со кои до вчера бевте на власт и со кои што не успеавте да ги расчистите тие работи. Но, за разлика од нашите колеги кои што седат со вас,ние и тогаш се спротивставувавме жестоко на нивните ставови кои што беа спротивни на нашите интереси. Така што ние и во иднина истиот став ќе го имаме без оглед на тоа со која власт имаме работа и дали сме во власта вклучени. Значи, да завшрам од преинципиел причини јас лично нема да можам да го изгласам овој предлог.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Јас навистина после толку годишно искуство во овој Парламент овде имам едно непријатно чувство дека рабоатата на овој Парламент ја почнуваме со една ваква ретроградна одлука, ретроградна во смисла на, да се јавам за збор мислам прв пат по повод оваа одлука од причини што навистина после овие избори се понадевавме дека динамиката на овој Парламент во однос на работата и во однос на свртеност према проблемите од суштествен живот во РМ ке се остварат и ќе почнат да се остваруваат со динамика во онакво темпо како посакаа граганите на овие избори и на кои им беше ветено дека во тој правец и со каков степен на динамика ке се движат и однесуваат. Но, за жал еве, веке при првата средба се надевам дека ова се детски болести на овој Парламент кој врз ќе ги премавне. Инаку би бил сериозен проблем доколку таа состојба потрае за целиот 4-ри годишен мандат. Тогаш вероајно дека нема да го дочекаме заеднички ни тој четиригодишен мандат ако на ваков начин се однесуваме. Всушност за што се работи? Се работи за она што постои очигледно едно неподелено мислење кај сите политички субјекти и во овој Парламент овде и кај позицијата и кај опозицијата без разлика што предлогот на оваа одлука потекнува од пратеници од кои гледам се потпишани од страната на оние кои ја поддржуваат сегашната актуелна Влада. Всушност морам да кажам дека го делам мислењето и со добар дел од таа страна на пратениците кои искрено не веруваат дека ваквата анкетна комисија на начин на кој се предлага ќе даде конкретни резултати со цел да се постигнат некои ефекти во смисла на тоа да се расчистат некои состојби во минатото лоцирано во саканото, димензионирано во саканиот период во оној кој можеме од самата одлука тука да утврдиме дека се работи за период во кој беше претходната Влада на власт.

Всушност таквото мислење деновиве пред неколку дена не двојдено го подели и минситерот за правосудство актуелен г-динот д-р Владо Камбовски на телевизијата во интервјуто осврнувајки се токму по овој повод претходно најавен како нов метод на работа внесен во Собранието па ми се најавуваат темите во медиоумите, а после се внесуваат во процедурална расправа каде што недвојбено кажа и каде што поинаку не може професионалната доблест да се стави поинаку на увид на јавноста од она што и самиот Устав определува и самата логика го определеува во тој смер. Тоа е определбата на она што и некои од претходните дискутанти го кажаа дека анкетните комисии како постојани, или како повремени работни тела во Уставот на РМ се определени како форма на контрола на парламентарна власт визави извршната власт во РМ. И во членот 76 од Уставот на РМ во ставот 5 кажано е гласно и јасно дека наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на ностиелите на јавни функции. Ако го погледнеме Предлог одлуката од уважените г-да пратеници денес што е на дневен ред ќе видиме дека таа Предлог-одлука лоцира период во основниот текст од 8-ми јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година каде што опфаќа практично експерткската Влада г-динот Никола Кљусев, всушност и претходната Влада на г-диниот Гоговски работа од два месеци и 23 дена експертската влада на г-динот Кљусев каде што добар дел на членови од таа експерска Влада се и во составот на оваа Влада. Но, за жал во меѓувреме има и амандман каде што вика од г-динот Томислав Сто-јановски каде што вика дека работата на оваа Комисија треба да се однесува од 8 јануари всушнсот од 7 септември 1992 година, практично се лоцира само на периодот од последната влада. Што тоа значи?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи, прво основот во Уставот според кој треба да се формира оваа анкетна комисија и да се постигнат целите што вие ги имате.

Прво, политичката одговорност на сите тие носители на јав-ни функции за овој период, било во основниот текст, било да е корегиран со амандманот верувам, немам илузии дека нема да се корегира со амандманот, ниту тоа дека одлуката за формирање анкетна комисија во ваков вид нема да се донесе со оглед на максималистичката бројност на парламентарното мнозинство зборува дека тие носители веќе нема што да понесат политичка одговорност.

Политичката одговорност е понесена со чинот на изборите и со смената на извршната власт на носителите на јавни и одговорни функции. Тука е ставена точка. Нема поголем неприкосновен суд од су-дот што ќе го изречат граѓаните на изборите, на слободните,редовните и вонредните јавни и

тајни избори. Зборувам за политичката одговорност.

Ако димензијата на политичката одговорност ја разбирате со други содржини тогаш ќе требе таа да ја образложите и да не убедите во таа смисла и нас и граѓаните што тоа би значело, во која смисла политичката одговорност мора да се бара. Со оглед дека поимот одговорност во одредбата од Уставот опфаќа и други одговорнос-ти, пред се кривична, прекршочна и незнам каква се друга одговорност, во тој случај во целост ги имате инструментите на правната држава. Кој е тој што сака да се покрие со одлука на Собрание за формирање на анкетна комисија од надлежните, државните органи, служби кои што целосно си ја имаат основачката функција, функцијата на внатрешни работи, прогонителската функција, каде што се имаат судовите во кои што постои првостепена, второстепена и одредени правни лекови да ги замени со работата на некоја анкетна комисија и на тоа да остане.

Всушност иако образложувајќи го овој предлог уважената колешка пратеничка тргна од позитивната конатација за што во мина-тото биле споменати голем број на имиња кои можеби не заслужуваат да ја носат хипотеката на јавните гласила итн., јас сепак мислам дека оваа комисија со нејзиното формирање и со расправите што ќе бидат околу тоа повеќе ќе ја замагли целата суштина околу таа проблематика. Всушност имаме искуство и голем дел пратеници овде имаат искуство кои што учествува во работата на поранешните парламенти, беше споменато од некои дискутанти овде, дека голем број на анкетни комисии ние што ги формиравме во минатиот период не доживеаја со оглед на финале на начин на кој сме сакале според Уставот да извршиме контрола на парламентарната власт врз основа на извршната, било во кој период тоа да станувало од 1991 година наваму.

Јас се надевам дека за овој пат ќе станат свесни и самите предлагачи во самиот тек на работата.

Со втората димензија што се сака да се постигне на ваков начин ако фактите веќе стојат вака во однос на формирањето на ваква комисија не може поинаку да стои.

Расправајќи за проблеми кои се апсорбирани во политичка смисла со чинот на изборите и понесувајќи одговорност одредени носители на јавни функции итн. сегашната извршна власт напротив останува непокриена, без контрола. Во таа смисла јас како припадник опозицијата опозиционо-парламентарна група, на СДСМ всушност имаме некој ќар ако се зборува од теснопартиските интереси. Досегашната извршна власт ќе остане без контрола и ќе се занимава со други заменети тези на одговорност. Доколку самата извршна власт и носители на јавни функции во овој состав почувствуваат дека Парламентот не го свертува своето внимание, не ја има својата улога во во вистинска смисла и во вистински правец каде што треба да го насочи своето внимание, тогаш она станува покомотна и станува податна за се покомотно однесување, да не преаудицирам. Но такво ќе биде чувствотс и ние како опозициона група на тој начин би го поддржале овој предлог и од тој аспект.

Прво би го подржале и принципиелно затоа што сме принципиелно за повикување на одговорност на сите носители на јавни и одговорни функции во Република Македонија. Всушност, постојат и други проблеми кои допрва во практиката ќе се покажат. Со нејзиното формирање, всушност се замаглува и атмосферата околу расправите во создавањето на јавното мислење и свртување на јавното мислење од вистинските проблеми што ги притискаат секојдневно граѓаните на Република Македонија. Но, тоа може да трае кратко. Цехот ќе се плати покасно, по одреден период, а тоа најдобро го знаат стручњаците. Цената ќе биде многу повисока околу тоа прашаше.

Јас се надевам дека ваквиот начин на кој се предлага оваа Комисија, всушност е само еден хир , како што кажа и предлагачката тука од барањето на граѓаните во изборната кампања , а всушнсот не лежи на темелита проценка што се се сака да се постигне со оваа Анкетна комисија. Значи ли тоа дека задолжените и надлежните органи во Република Македониај со ова ги ослободуваме ние од нивната редовна дејност и одговорност кои секојдневно ја следат проблематиката од таа област и си ги вршат своите должности и иницираат псотапки до надлежните органи.

(Реагирање на г-динот Горѓи Наумов од место).

Еве г-динот Наумов нешто како министер ми дофрла...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам немојте од место, да се сослушаме па ќе може да се искажете.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно амандманот кој Ве опфаќаше и Вас пред малку е дошепнат од таа страна, па еве сега Ве авоницира во таа смисла, но совеста никогаш нема да доживее аболиција, во никој случај.

(Реагирање на некои пратеници од место).

Јас претпоставувам дека Социјалдемократскиот сојуз ќе ја поддржи оваа одлука. Ќе ја поддржи од принципиелни причини со оглед дека Социјал демократскиот сојуз не бега евентуално од одговорноста која треба да ја изведе. Да се изведе и за која замислувате дека треба да ја изведете преку оваа Анкетна комисија.

И, би сакал да бидам сведок на денот кога таа Анкетна комисија ќе поднесе извештај овде во форма во која ќе поднесе извештај и дека тој извештај ќе вроди одредени резултати. Би сакал да видам што од тоа ќе се случи.

Има уште една нејаснотија во однос на текстот, што мислам дека тежи во расправата овде, а тоа е прашањето околу тоа дека оваа одлука за формриање на Анкетна комисија се формира како постојано работно тело до донесување на некој хипотетичен закон за јавни набавки. веројатно, имаше непрецизност тука, затоа што постои таков закон и веројатно се мисли на измени и дополнувања на тој закон.

Ако се мисли дкеа со оваа Анкетна комисија да се дерогира постојниот позитивен закон, кој функционира, мислам дека и тоа е некоја огромна заблуда и дезавоирање на правниот систем. Беше гласно и јасно кажано дека оваа Анкетна комисија ќе работи се до моментот до носење на нов закон за јавни набавки. Законот за јавни набавки веќе е во сила во Република Македонија и тој функционира. Ако има амбиции и такви амбиции формирањето односно донесувањето на оваа одлука да го замени или суспендира одредбите на тој закон, тоа значи дезавуирање воопшто на правниот позитивен систем во Република Македо-нија, кој е во сила. Мислам дека тука и чекорите малку се поизмешани. Никој не го спори правото на овој парламент да менува , да носи закони нови, нормална процедура, но додека се тие во сила тие треба да се почитуваат и да важат. Во спротивно ќе се најде во можност некое ново парламентарно мнозинство, во некој идно неопределено време да формира исто така вакви анкетни комисии за испитување на тоа дека некој предложил анкетни комисии и ги дезавуирар позитивните законски прописи кои важат.

Оттука овој парламент сепак би расправал околу тоа прашање, би трошел време, би се трошело енергија и граѓаните во Република Македонија малку ќе имаат фајде од целата таа работа. Или повеќе ќе претежни штетата на нивна сметка отколку што ќе претежнат позитивните ефекти што се сака да се постигне.

Жал ми е што има голем број на сериозни имиња кои застанале зад предлогот за доресување на оваа одлука, кој верувам дека сепак јаваат на ветрот на победничката еуформија сеуште, но работите за жал онака како што ги гледам јас и како ги гледа Социјал деморкатскиот сојуз стојат вака. Би бил среќен и би ја повлекол целосно оваа дискусија кога резултатите од работата на една ваква анкетна комисија би биле поинакви, кога би се виделе ефекти во смисла на санкционирање на вистинските сторители на таквите дејанија доколку постојат.

Второ дека тоа би било исто така показател за натамошните носители на извршната власт да се однесуваат коректно, во смисла на она што и претседателот Глигоров посебно во своето обраќање го кажа дека изборот на некоја функција не е само лично задоволство или личен хир, туку тоа е ред се во служба на граѓаните на Република Македони.

Би сакал да бидам демантиран барем делимично ако не во целост.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Наќе Стојановски.

Ве молам , кој друг бара збор.

Има збор г-ѓата Џулистана Марковска.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Морам да кажам дека очекував од мојата лева страна односно претставниците на опозицијата се едно големо воодушевување да. го прифатат формриањето на

оваа Анкетна комисија. Зошто? Затоа што бројните афери кои произлегоа од владеењето на досегашната владеачка номенклатура, кој што почнаа и за жал завршија само како новинарски видувања не добија никаква друга завршница. Следењето на работата на парламентот и на извршната власт во изминатиот четиригодишен период, која што на мене ми беше достапна како граѓанин пред екраните и од печатот не слушнав ниту еден пример на било кој носител на јавна функција освен да има ниту политичка, а не дај боже друг тип на одговорност (прекршочна кривична и било каква одговорнсот).

Системот на другата власт која што постои, односно судството, а во овој случај јавниот обвинител на Република Македонија и воопшто јавните обвинителства со ниту еден акт освен ситените подмитувања на шалтерски работници кои што беа затварани и притварани и кажувани како голема новинарска сензација на поедини медиуми дека се открило митото и корупцијата која што владее во органите на власт, беа највисоките дострели кои што можевме да ги слушнеме во минатогодишниот четиригодишен период за тоа како функционира нашата правна држава. Токму од тие причини не очекував овде да каже некој дека ќе има обично фаќање на магла заради тоа што опозицијата после четири години се решава, откако доаѓа на власт да формира едно вакво анкетно тело. Верувајте дека ќе бевме многу посреќни доколку минатогодишниот состав на парламентот сам ја формираше оваа анкетна комсиија, меѓутоа не само како формална анкетна комисија, туку да видевме било каква политичка и кривична разрешница на се она што беше најавувано како афера, меѓутоа и не до крај докажана. Токму од тие причини за да се докаже дали одредени носители на политички функции биле со право или без право вмешани во одредени политички афери, дали нивните имиња биле употребени или злоупотребени мислам дека е во ред да се формира оваа анкетна комисија и можеби е лошо што ја формира овој состав сега, меѓутоа тоа значи една добра волја дека сите оние кои што седат по овие клупи и во клупите после нас, бидејки ниту ние, ниту било кој друг е вечен, самото разрешување од политичката функција не нуди и политичка амнестија. Затоа што, ако некој веќе е на таа функција не значи дека не треба да одговара за евентуалните криминални деја-нија кој што ги направил во времето додека бил на власт. Впрочем, тоа го зборуваат и одредени искуства од бројни парламенти. Гледате што се случуваше во Франција, она што се случуваше во бројни дејанија на одредени високи функционери на Северно-атланската алијанса. Тие дури сега одговараат за она што било сторено пред десет години. Така да не можеме да очекуваме ние граѓаните само преку промена на власта на секои четири години да ги казнат политичките противници и таа казна да остане само на тоа што ќе биде променета власта. Доколку имало криминални дејанија никој и после политичката амнестија односно присуството или неприсуството во овие парламентарни клупи не го исклучува од кривичното одговарање за се она што го правел.

Токму заради тоа се со цел да се симне хипотеката на одредени личности кои беа споменувани порано јас и предлагам на опозицијата да го прифати овој предлог и сите со акламација да го прифатат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓа Џулистана Марковска.

За збор се јави г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас навистина не сакав да се јавувам за збор после излагањето на г-динот Наќе Стојановски, но на некој начин ме предизвика претходната дускутанка со некои нејзини размислувања, со кои апсолутно не можам да се согласам. Г-ѓата сака дури парламентот да го претвори во орган кој што и кривично ќе ги гони пратениците и политичарите, евентуално ако тие нешто повредат политички. Мислам дека тоа апсолутно нема никаква логика, туку напротив во принцип секогаш сум бил и порано и сега за формирање на вакви анкетни

комисии како контролен механиза или механизми на извршната власт, но во принцип анкетните комисии се формираат за одредени проблеми кои се појавуваат односно злоупотребата на власт од страна на извршната власт. Воглавно логиката е. Анкетни комисии да бараат да се формираат од опозицијата, затоа што опозицијата е таа која што ќе прави напори да осознае повеќе што прави извршната власт. Во оваа ситуација, имаме нова ситуација во која едно огромно мнозинство, кое што има апсолутна власт бара покритие за да покрене една хајка по сите тие што беа на власт. Иако веќе првите сознанија зборуваат за тоа дека и покрај тоа што веќе сите министри си отидоа од власт веќе има комплетно кадровсжи листи за промена на сите други директори и сите други во администрацијата во државата, сега на сета оваа кампања им треба една политичка поддршка. Јас така ја гледам и од тоа се плашам. Инаку во принцип сум ги поддржувал и ќе ги поддржам сите механизми на контрола на извршната власт. Но, замислете како ќе изгледа и како ќе работи оваа комисија. Јас учествував во таа комисија формирана од претходнат власт и знам, таа беше формиран апо иницијатива на опозицијата. Позицијата свесна за тоа дека ништо не се крие зад тоа ја поддржа таа иницијатива и јас бев член на таа комисија.

Одредени сознанија до кој дојде до комисијата зборуваат за функционери кои веќе беа разрешени. Носители на функција кои веќе беа разрешени ја добија својата политичка казна. Сега, ако ние во ситуација кога Владата има сто дена да докаже што знае и умее, што може во нејзината краткорочна програма да реализира се плашам, навистина се плашам и јавно тоа сакам да го искажам дека се бара некое покритие за дванаесет илјади ветени вработувања, кој што реално не може да ги направи оваа Влада во стопанството ќе мора да покрене хајка да ги истера сите тие во овој или оној основ во администрацијата за да исполни некое свое ветување. Тоа е крајно опасно. Крајно опасно, замислите уште повеќе кога Република Македонија е држава мулитинационална и замислете уште утре едно огромно мнозинство како што имате, се покрене ваква иницијатива по одреден друг политички проблем, недај боже да е тој меѓунационален и да се даде да се врши притисок на органите на истражувања односно полицијата да ги гони и да ги бара тие луѓе. Тоа е еден притисок на тие органи, на луѓето кои што на некој начин вршат одредена функција.

Господа пратеници мислам дека крајно ќе ја оштетиме демократијата со овој начин на вршење притисок на органите на прогонот кој со закон и со Устав се надлежни да вршат прогон на сите тие кои што на овој или оној начин имаат прекршено закон. Не треба и не смееме на овој начин да роботиме. Инаку, во принцип реков ги поддржува и ќе ги поддржам сите механизми на контрола на извршната власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот Батковски Димитар.

**БАТКОВСКИ ДИМИТАР:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господа министри, јас веднаш на почеток сакам да кажам, иако не сум потпишан како предлагач на оваа Предлог-одлука дека ја поддржувам, и кога би ми ја дале јас би ја потпишал. Значи, овој број ќе беше многу поголем и покрај овие што се наведени, поголем дел од пратениците ќе го прифатеа.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:** (Продолжение)

Сакам да изнесам некои размислувања на кои сум поттикнат од колегите од опозиционата страна и да ви кажам, не мислев да дискути-рам. Меѓутоа, оваа дискусија нивна, сепак ме поттикна да кажам некои работи дека оваа Предлог-одлука, морам да признам дека не ја бара оваа група на пратеници, не ја предлага оваа група на пратеници.

Верувајте, јас сум кандидат на мнозинската листа од изборната единица број 71, тоа е овде блиску, тоа се населбите Драчево, Пинтија Лисиче, Припор, Усје и други, на сите тие трибини, господа пратеници избирачите тоа го бараат. Еве, тоа е блиску, да појдеме, ако не е тоа така, еве не гледаат нас, гледаат и тие избирачи, ќе кажат дека тие го бараат тоа. Верувајте ми. И, немојте да ампутирате работи кои што, еве, велат на првата, на овој Парламент, првото нешто што се донесува е нешто што кажа некои зборови пратеникот Стојановски Наќе.

Меѓутоа, јас да ви кажам дека оваа Предлог-одлука добро е што тргна како еден прв чекор, прв закон што го донесува овој Парламент, затоа што ова нека биде поука за сите. Зошто? Ова нема да важи само за минатото. Уште повеќе ова ќе биде школо за иднината, за другата власт што доаѓа и не е тоа страшно. Јас не гледам со оваа Предлог-одлука за анкетна комисија дека некому ќе се сечат глави. Како што кажа во дискусиите, добро ќе беше ова да се поддржи и од опозицијата. Но со едни такви дискусии, верувајте не се добиваат изборни поени ако ние сега дискутираме во одредена насока дека ова е враќање назад и тн.итн.

Во таа смисла сметам дека ова треба да го прифатиме, да се види како сме работеле до сега. А, тоа ќе биде еден прикладен патоказ во иднината. после тоа, ако од сите тие истражувања произлезат, тоа ќе биде поука за иднина, бидејќи неможе после некој министер од идната влада да си земе за право, ќе знае дека тоа, кога - тогаш ќе се санкционира и ништо неможе да застане. Во таа смисла, сметам дека ова е на место и треба да се прифати и добро е што е на нашата, даречам прва работна седница, еден ваков предлог за Анкетна комисија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Батковски Димитар. Збор има господин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, дами и господа, да кажам неколку зборови во врска со оваа материја.

Тоа е прашање што во мојот политички ангажман сум го поставувал неколку пати. Вие знаете дека ние одевме со една парола "со чисти раце" што на крајот беше подвргната на исмевање, меѓутоа, ми се чини дека практиката и пред тоа и по тоа многу убедливо го потврди и мотото на тој слоган.

Државата располага со огромен дел на националниот колач, од националното богатство. Располага директно, на пример сега, со 40% од општествениот производ, земајќи од сферата на јавна потрошувачка, преку буџетот и јавните фондови.

Меѓутоа, не е само тој дел со што располага државата. Овде располага најдиректно. Располага со уште огромен дел на националното богатство, националниот имот, со капиталот, фиксните и обртни фондови преку јавните претпријатија. И, кога ќе се измери сето тоа огромно е големо учеството на државата што располага со капиталот отколку на приватните субјекти, на приватната иницијатива.

За да направиме ефикасна држава потребни се две крупни нешта.

Прво, државата што помалку директно да располага со парите на населението, значи што поголем простор за цивилното општество, за приватната иницијатива, за индивидуалните претприемачи итн.

Тоа е процес што можеби, понатаму ќе го остваруваме поефикасно.

Второ, да работи многу - многу ефикасно, многу порационално со делот со кој што таа директно располага, земајќи им го на граѓаните и претпријатијата преку фискалниот систем, преку даноците.

За да постигнеме таква цел треба да направиме многу нешта, а ние сме меѓу државите кои не можеме да се пофалиме дека многу рационално располагаме како држава, со имотот на граѓаните. Не заради тоа што едни се понеспособни, а други поспособни, едни се со поголема желба за тоа а други не, туку едноставно кај нас се работи за ситуации на процеси што треба да поминат.

Неколку работи во оваа можност што ја имам сакам да кажам, како претходница, пред да го соопштам главниот штаб во врска со прашањето што ќе биде потребно.

За да успееме да располагаме поефикасно со сегашните средства ќе треба инструментариум што го чува стиснат ѓаволот во човекот, а повеќе ќе доаѓа другата компонента ангелот во човекот до израз. А, во секој човек има и ѓавол и ангел и, како да го скротиме со политичкиот систем, со законските норми гаволот во човекот кој е наклонет на разни манипулации и малверзации. Во природата на луѓето е да прават грешки и имаат слабости. Но, нам ни треба правен систем да се одбраниме од сето тоа. Ќе се одбраниме ако го заокружиме законодавството во таа свера. Затоа ни треба што побргу антикорупцискиот закон. Добар антикорупциски закон.

Второ, ни треба закон за јавни набавки. Некој веднаш ќе каже дека минатиот Парламент усвои закон за јавни набавки. Ни треба добра преработка, доработка на тој закон за јавните набавки, зашто помалку искушенија, во што помалку ситуации: на искушенија да доаѓаат јавните службеници кои располагаат со парите на народот, кои што пари се огромни во

рацете на тој слој на луѓе.

Трето што ни треба, ни треба независна државна служба за анализа на трошењето на буџетските средства. Јас во оваа можност сакам да го потсетам и сега новиот министер за финансии, во Законот за буџет, ако го прочитате, што е усвоен во 1993 година, последниот член на тој закон изрично, императивно бара формирање на државна независна служба за анализа на трошењето на средствата. Од 1993 година до денеска таа служба не беше формирана. Зошто не беше формирана некој може да објасни. Но, тоа мора да се направи за да не доаѓаме или помалку да доаѓаме во ситуации на сомневање или нерационално трошење на пари. Тоа мора да се направи.

Овие три инструменти од законска природа: антикорупцискиот закон, законот за јавни набавки, државната независна служба за контрола на трошењето на парите преку закон треба брз да се дотераат и усвојат од Парламентот.

Но, контролен механизам е и Парламентот.

Меѓутоа, контролниот механизам е и Парламентот. Но, Парламентот има функција континуирано да врши контрола врз работата на извршната власт и врз луѓето кои трошат средства. Тоа континуирано можеме да го правиме на секоја седница или на сите специјализирани седници кога имаме право да поднесуваме прашања или едноставно да поднесуваме иницијативи за разгледување на прашања од употребата на средствата.

Но, Парламентот има и вонредни лекови, според Уставот. Тие вонредни лекови се таканаречени анкетни комисии што се формираат адхок и се формираат со специјална намена, за конкретен случај за конкретна ситуација.Во случајот, совршено е јасно дека целата јавност се сомневала во рационалното трошење на средствата. Јавноста ќе се сомнева и во рационалното трошење на средствата и од страна на новата власт. Исто така. Затоа, пратениците се тука да интервенираат во определени случаи да се намалат можностите за употреба на трошењето на средствата.

Од тие причини, со тие аргументи, не гледам никаква причина, никаков аргумент да се брани формирањето на анкетна комисија да истражи еден период на трошењето на средствата од страна на надлежните државни органи.

Се разбира, тука има опасности дали таквата анкетна комисија ќе се претвори во некое политичко тело за политички реваншизам или не. Ке излезе ли од правните норми или ќе ги злоупотребува правните норми или само ќе подготви основи за евентуална примена на законите од различни органи во конкретни случаи? Јас, ни случајно не би сакал таквата комисија да се претвори во Комисија за "лов на вештерки" со која што едноставно само од политички мотиви ќе се настојува да се руши дигнитетот на определени личности затоа што се или биле во друга конкурентска политичка партија, во друга влада.

Предвреме неможеме да говориме во што ќе се претвори таа комисија. Треба прво да биде формирана, треба да видиме што работа ќе заврши, што ќе му предложи на овој Парламент, дали коректно ќе ја заврши таа работа или нема коректно да ја заврши таа работа, па дури потоа да судиме. Но, ако се претвори во нешто друго, освен тоа што е нејзината функција, јас ќе бидам еден од оние кои шестоко ќе негодувам и ќе се спротивставувам.

Затоа, јас ќе гласам за формираше на една таква комисија при што, уште еднаш да напомнам, да ги завршиме тие работи што мораме да ги завршиме, но да мислиме за она што ги очекува граѓаните, што го очекуваат граѓаните, тие ќе бараат да знаат како се трошеле парите, но ќе бараат да знаат, да почиствуваат како се создаваат пари за да имаат поголеми плати и повеќе вработувања.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев.

Господинот Горги Спасов побара збор.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници. Веќе е кажано дека Социјалдемократскиот сојуз ќе гласа за формирање на анкетна комисија само со цел да и каже на јавноста дека СДС нема намера да го спречува практично партиското мнозинство на овој начин на кој што тоа замислило да се обиде да дојде до одговорноста во јавните набавки во оваа држава.

Меѓутоа, истовремено би сакал да кажам една работа, парламентарното мнозинство што предлага вакви анкетни комисии истовремено треба да знае барем две основни нешта:

- според Уставот Анкетна комисија се формира за контроли

рање на вистина на актуелната извршна власт, а не за извршната власт од претходниот период;

- второ, тоа што е потребно, ако ништо повеќе треба да се знае дека во рамките на една правна држава постои навистина инструмент односно инструменти низ кои што може одговорноста на секој досегашен политички функционер, ако згрешил во сверата на јавните набавки, со оглед на тоа што има формирано нови министерства, нови министри, првенствено да биде утврдена врз основа на увидот во книгите. Секаде каде постои основа за покренување на политичка одговорност, евентуално и на некои кои сега се пратеници, да се побара едноставно нивно иземање на мандатот и покренување на основ за кривична одговорност. Доколку се тие само бивши министри, да се покрене основ за нивна кривична одговорност од органите надлежни за тоа.

- Според тоа, анкетната комисија не може да биде орган што треба само да им даде заклучок или алиби за нормално органите на прогонот, органите на судството да си ја вршат својата нормална работа што ја имаат според Уставот. Во таа смисла таква анкетна комисија нема никаква смисла да се формира затоа што, практично постојат основи за утврдување на одговорноста на сите оние кои згрешиле во ова општество.

- Трета работа, анкетната комисија се утврдува од страна на парламентарното мнозинство за утврдување на одговорноста, и замислете за политичката одговорност во периодот од 1992 до ноември 1998 година, тоа значи за бившата политичка одговорност и се смета дека таа ќе треба да ја заврши сопствената работа некаде до следниот месец, бидејќи ќе треба да поднесе извештај, според овој член што е даден, најдоцна до 15 февруари 1999 година. А, колку што ми е познато, до денешнава седница не е познат ниту персоналниот состав односно кадровскиот состав на таквата анкетна комисија. Тоа значи на една од наредните седници ќе биде формирана таа анкетна комисија, што нејзиниот мандат, објективно ќе трае не повеќе од месец дена.

Ако парланентарното мнозинство смета дека, вистина, со една парламентарна комисија ќе може за месец дена да ја утврди политичката одговорност на бившите функционери во врска со јавните набавки, ние тоа со целосен ентузијазам ќе го поддржиме.

Покрај тоа што ви велам дека на парламентарното мнозинство и на Владата, практично новоизбраниата влада и стојат на располагање сите инструменти на правната држава и без формирање на било каква

анкетна комисија тие имаат основ да го остварат она што им го ветиле на избирачите. А, тоа е утврдување одговорност за она за што презеле, практично, обврска дека ќе ја утврдат таа одговорност.

Според тоа, просто, се обидувавме да укажеме само на овие елементи од непотребноста од формирање на ваква анкетна комисија во период од месец дена, особено што парламентраното мнозинство најави дека во најскоро време пред овој дом ќе влезе и законот за спречување на корупцијата што ќе има, практично, свои ингеренции односно ќе создаде нови правни основи за спречување на тоа што го нарекуваме злоупотреба на службените или политичките функции.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, можеби и премногу се дискутира за една ваква добра провокација за оваа предлог одлука, но сакам да разјаснам уште еднаш, изгледа кога дискутираме како да не слушаме што вели позицијата, што вели опозицијата.

Немаше тука, апсолутно, ниту една дискусија од опозицијата дека е против, во принцип, за формирање на ваква една комисија. Тоа значи дека ние не се плашиме од формирањето на такви комисии, затоа што ова ни помага, дури многу ни помага да се ослободиме од некои хипотеки или рекла казала, кажани работи што, јас сега се наоѓам помеѓу желбата да дознам нешто повеќе дали има вистина во тоа што би можело да се испитува од оваа анкетна комисија и тоа што е принцип.

А, принцип е тоа, ако е мотивот дека сите тие анкетни комисии што од претходните состави на Парламентот, значи на ова Собрание треба да ја продолжат рабо-тата, се разбира, во новиот состав, со нови луѓе значи пратеници, тогаш да се договориме уште сега дека ние ќе го дадеме нашиот глас за форми-рање на таква комисија но бараме, веројатно тоа веројатно ќе стои во стенограмот, оваа позиција да не поддржи исто така кога за

една недовршена работа на една комисија што спомна пред малку господинот Мевљан Таири, тоа е Анкетната комисија за битпазарските настани на 6 ноември.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Зошто? Затоа што сега јас во себе и со себе разговарам понекогаш.

Тогаш јас бев претседател на Комисија која беше свикана осум пати. Три пати можев да имам кворум одвај, затоа што тогаш таа комисија беше формирана и работеше во времето на работата на Владата на г-дин Кљусев. Меѓутоа, упорно во таа документација која стои во Собранието, која стои во парламентарната група упорно беше бојкотирано од пратениците на тогашното ВМРО-ДПМНЕ. А ако велиме и констатираме дека таа опција дефинитивно е поразена, тоа значи дека вие ќе ни помогнете таа Комисија уште еднаш да се повтори. Очекувајте дека ќе има предлог од пратеничката група на ПДП и се надевам дека ке ја подржите да се формира и да ја продолжи работата, затоа што, исто така, ваква комисија ние имавме, Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на Министерството, Владата и Собранието на РМ, која не ја доврши работата. Таа беше дури водена односно претседател на таа Анкетна комисија беше пратеник од ЛДП. Така што кога беќе зборуваме за принципи и доследност до крај мислам тука ние ќе ве подржиме. Таква поддршка ќе имате затоа што не сакаме да сносиме ние хипотека односно хипотеки кои мислиме дека не ги заслужуваме иако може да се доврши крајно чесно оваа работа со една таква формирана комисија, навистина јас би се чувствувала многу добро. Затоа мислам дека не треба да се свати и од јавноста и од вас дека еве предлагаме да се формира таква анкетна комисија, а на овие од опозицијата се мислат се плашат којзнае што ќе биде и нема да гласаат односно ќе одбијат еден ваков предлог. Токму спротивното значи ние сме да се формира, меѓутоа до крај да бидеме принципиелни како и за некои други работи и тука сакаме да имаме апсолутно исти критериуми во врка со комисии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Исмет Рамадани.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Јас би сакал, сепак, од страна на предлагачите во врска со оваа одлука да слушнеме сите ние тука и македонската јавност едно образложение, зошто амандманот во кој ние сега расправаме се предлага да се изземе периодот на владеењето на експертската влада од 1991 до 1992 година. Мислам дека ми следува овој одговор, образложение, зошто тој период де иззема.

Имено, јас кога би бил на местото на г-дата Ѓорѓи Наум, г-дата Димитар Димитров, Мартин Тренески и г-динот Никола Кљусев кои што се и сегашни членови на Владата тргнувајќи од добро намерниот аспект на формирањето на Комисијата за кој што пратеничката комисија на СДСМ ќе даде подршка односно нивна доблес е да станат и да ја подржат таа одлука а не со амандман кој се нарекува дека е од техничка или редакциска природа тоа да се избрише.

Барам објаснување од страна на предлагачите зошто е тоа направено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претходно треба да го затвориме општиот претрес а после ќе одиме на амандманска расправа и ќе образложите.

Дали некој бара збор по општиот претрес (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по предлогот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 1 по кој предлагачите не се произнеле.

Го молам пратеникот Томислав Стојановски да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина очекував вакво прашање затоа што употребив еден термин техничка работа.

Г-да да ви речам една работа. Човекот во целиот живот живее во свера на доверие. Јас тргнав од тоа дека техниката нема да прави грешки. Ни дадоа образложение зошто дошол овој текст. Затоа што во компјутерот тоа било внесено еднаш како грешка, па дошла првата редакци а не втората што е даден како конечен текст. Го примам тоа. Ваш е проблемот. Јас сум должен да го кажам мотивот, ме предизвика некој зошто оваа анкетна комисија оди.

Кога реков дека имаме техничко прашање и доверие. Одговорност немаше да има и не требаше да се поставува вакво прашање, да се формира оваа комисија, а по сила на еден закон за избор на пратеници донесен од

поранешниот Парламент и спроведени изборите во оваа година по тој закон немше едно поинакво решение по однос на бројот. Се застат заснова на двоен принцип односно се дадоа два можни основа за избор. Мнозински и пропорционален.

Кога го говориме ова чл.62 од Уставот предвидува неотповикликвост на пратеник. Меѓутоа, прашање е сега кога настана една законска модификација да имаме и пропорционален систем каде имаме листа која не е целосно покриена тогаш се поставува прашањето на мотивот на оваа одлука. Зошто го тоа велам. Дозволете, зошто е и амандманот. Некој говореше овде дека има ретроактивно дејство. Веројатно студирајќи многу порано, не применувајќи закон што значи ретроактивно дејствие говори за настанат случај односно за закон кој треба да се применува порано. Овде за дејствие нема ретроактивно. Дејствието треба да настапи и да се цени одговорноста, дали е тоа духовна, материјална, морална, кривична и политичка одговорност. Зошто го ова говорам? Пропорционалнио' дел дозволува некои промени и има место за политичка одговорност по таа листа. Ако ова го повземе со мојата мисла за доверба, Г-да пратеници ние рековме дека се говори многу се чини многу, дали тоа нас не предизвикува да го направиме тоа по барање на граѓанинот или тоа тоа ќе го оставиме да го цените вие. Член 76 не говори за јавни функции говори за Комисија за јавни интерес, кога е повреден. Значи интересот е во прашање а не личностите. Читајте добро. Вели Собрание може да основа анкетна комисија за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Тоа го кажува Уставот.

Вториот дел што сакате да го прочитаме, ќе го земеме. И последниот став наодите на анкетните комисии се основа за поведување на постапка, утврдување и одговорност на носители на јавни функции. Дали господа пратеници пратеникот нема јавна функција. Некои од тие кои биле министри за периодот за кој предлагаме сега се член на овој парламент па нека поднесат јавна одговорност, дали можат да седат на пропорционалната листа во овој состав кога е донесен Уставот немале таква заштита. Не по друг основ. По основ на самата листа, тие што мислат дека ќе можат да останат и натаму како пратеници.

Сакам да ви кажам една работа. Овие г-да не викаат дека се плашат од одговорност, тогаш јас се прашувам зошто се плашат од одлука. Одлуката нека дојде, нека се испита. Сакаме со оваа одлука да ја скинеме хипотеката на дигнитет на еден пратеник на еден министер на една личност. Ако немало ништо, само имало хајки, оваа Комисија ќе докаже дека навистина се исправни . Поради тоа јас сакам да кажам уште една работа. Г-дата ќе гласаат за оваа одлука, а имаат на располагање органите на прогон, постапка од надлежни органи. Зарем мислат оние оваа комисија не е надлежна. Ако мислат дека оваа комисија нема надлежност тогаш ние предлогот ќе го повлечеме. А по однос на амандманот јас реков се работи за техничка грешка. Тоа е пак на некој си таму што стиснал копче или намерно отпечатил некој погрешен текст.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за образложението на г-дин Стојановски.

Ја молам пратеничката Наталија Марковиќ-Димова, како претставник на предлогот да се изјасни дали го прифаќа или не го прифаќа па потоа ќе водиме расправа по тоа.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Амандманот на пратеникот Томислав Стојановски се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, искрено да кажам бев фрапиран од дискусијата од потпретседателот на Собранието на начинот на кој се обвразложува на амандманот од негова страна. Да се тврди дека причина за периодот кој се утврдува со амандманот, од кога ќе биде предмет на Анкетната комисијае изборниот принцип., т.е. постоењето на пропорционалниот модел во законот., е смешна работа. Ова е страшна работа. Прво и прво г-дине потпретседателе вие бевте исто така пратеник и претседател на ЗПК знаете добро дека Уставот не прави по однос на неотповикливоста и мандатот на пратениците, без оглед на принципот по кој тие се избрани и тука нема никакво фајде.

Второ доколку таа претпоставка ќе се земе како аргумент кои се аргументите за политичката влада која настапува од 1992 родина. И тогаш не сме имале таков закон и сме имале принцип пропопрционален. Тоа важи значи подеднакво за сите министри. Жалосно е

да се слушаат такви аргументи за една ваква работа која правно е многу чиста.

Ако неотповикливоста на пратениците подеднакво важи за сите. Никого, апсолутно никого не може да амнестира статусот, било пратенички, било некаков друг. Можете да замислите сега пратениците кои се избрани по мнозинскиот модел да не можат да бидат подвргнати на некоја одговорнст само заради фактот само заради на тој начин се избрани. Ова се неверојатни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Насер Зибери.

За збор се јави Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе јас сепак инсистирам, бидејќи на прашањето не беше одговорено, а конкретно и јасно беше поставно прашањето зошто господата кои што ги спомнав по име и презиме се иземени кои биле членови на експертската влада од 1991 до 1992 год. Сето друго објаснување беше чисто за замаглување. Ако е ново е ново, без разлика дали тоа го кажува г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине штом ќе имате време и простор ценете го времето и ценето го просторот. Времето е од 7-ми септември па наваму. Значи просторот не ги опфаќа нив. Како можете да барате од мене зошто не биле опфатени. Вие можете да се смеете, вие плачевте многу време, ќутевте, ви се даде сега можност и да се смеете. Тоа е ваш проблем. Навистина ми е жал што се смеете. Мојот одговор се лоцира, ако некој пропис се каже да се применува во тој период нема потреба за него да се објаснува зошто другиот период не е опфатен.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Бидејќи поминавме на амандманска расправа јас не сум за амандмани и нема да гласам. Ќе гласам за оваа предлог одлука за основање на анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствлата Владата и Собранието на РМ. Зошто, само поради тоа што од 8 септември наваму да се бара одговорност, јас мислам тоа на ниешто не личи. Изошто се плашиме. Ако одговорност бараме нека биде од прво, значи од експертската Владата на РМ па наваму од 8 јануари 1991 година и кога е заправо формиран првиот повеќе партиски парламент. Зошто да се плашиме. Имате мнозинство и работата терајте ја до крај. Ако наместо на Лазар Китановски е г-дин Никола Кљусев тој со целиот кабинет нека ја провери работата до танчина. Истото важи и за другите министерства. Што друго тука имаме. Само треба да се знае дека стапот има два краја. На г-динот Стојановски му се обраќам. Тој заборава дека е адвокат, но не е во судница, пошто е кумановски и шегаџија, а плус ВМРО-вџија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дискусијата по амандманот е беспредметна бидејќи предлагачот го прифати. Ние можеме само да продолжиме со претресот по предлогот на одлуката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако никој не бара збор, Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За Предлогот на одлуката гласаа 102 пратеници.

Дали има некој против одлуката? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, имаме уште две три технички прашања.

Јас би Ви предложил, осмата точка од дневниот ред, бидејки Комисијата треба да расправа и да го утврди составот на многу комисии, 22-23 комисии, а ние сме и заморени и доста време е одминато, ние ќе ја продолжиме оваа седница, со оглед дека и некои прашања по итна псотапка Владата ќе ги достави околу Буџетот и.т.н., така што ќе имаме можност и тогаш да расправаме.

Јас би сакал само да продолжиме по другите точки од дневниот ред кои велам повеќе се од технички карактер.

Преминуваме на петтата точка-Предлог за разрешување судија во Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот на републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата

за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бар азбор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување судија во Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 99 пратеници.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање!? Никој.

Констатирам дека Собранието го разреши Милан Хирстоски од функцијата судија на Основниот суд од Гевгелија по негово барање.

Преминуваме на шесттата точка-Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Прилеп.

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата Ви се доставени односни поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија во Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 104 пратеници.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржув аод гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието го разреши Стеван Атанасоски од функцијата судија на Основниот суд во Прилеп, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Преминуваме на седмата точка-Предлог за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Охрид.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? Никој.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 102 пратеници. Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието ја разреши Гордана Дескоска од функцијата судија-поротник во Основниот суд Охрид.

Според тоа, денешната седница да ја прекинеме, односно да ја продолжиме, ако немате ништо против, во среда во 11,оо часот и до тогаш Комисијата за избори и именувања да ни даде предлози за комисиите и за Анкетната комисија.

(Седницата прекина во 17,50 часот).